5. Надоместокот за доделената концесија за детални геолошки истражувања во износ од 273.000,00 денари субјектот од точка 1 од оваа одлука е должен да го плати во рок од 7 дена пред склучување на Договорот за концесија.

6. Рокот за поднесување на Извештај/Елаборат за извршените детални геолошки истражувања на минералните суровини е 120 дена по истекот на концесијата.

7. Како почеток на концесијата ќе се смета денот на потпишување на Договорот за концесија.

8. Надзор над спроведување над концесијата ќе врши Министерството за економија.

9. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

10.Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-6029/1
7 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

**3131.**

Врз основа на член 10 став 2 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/07, 88/08 и 52/09) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА - ПЕСОК И ЧАКАЛ НА ДГТ „ЖИКОЛ“ - ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ СТРУМИЦА НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ДОБРОШИНЦИ“, ОПШТИНА ВАСИЛЕВО**

1. На ДГТ "ЖИКОЛ„ – ДООЕЛ експорт – импорт Струмица му се доделува концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини – песок и чакал на локалитетот "Доброшинци", општина Василево.

2. Површината на истражниот простор на концесијата од точка 1 на оваа одлука изнесува P = 0,22 $km^2$ и е определен со координатни точки мегусебно поврзани со прави линии, како што е дадено во табелата, и тоа:

| Точка | Координата X | Координата Y |
|---|---|---|
| Т-1 | 4.599.100,00 | 7.639.078,00 |
| Т-2 | 4.599.538,00 | 7.639.020,00 |
| Т-3 | 4.599.475,00 | 7.639.445,00 |
| Т-4 | 4.599.520,00 | 7.639.465,00 |
| Т-5 | 4.599.540,00 | 7.639.540,00 |
| Т-6 | 4.599.465,00 | 7.639.625,00 |
| Т-7 | 4.599.210,00 | 7.639.740,00 |

3. Концесијата за детални геолошки истражувања од точка 1 на оваа одлука се доделува за период од 2 години, без можност за продолжување.

4. Целта на вршењето на деталните геолошки истражувања е откривање на нови наоѓалишта на минерални суровини и утврдување на рудните резерви на минералната суровина – песок и чакал на локалитетот "Доброшинци", општина Василево.

5. Надоместокот за доделената концесија за детални геолошки истражувања во износ од 323.000,00 денари субјектот од точка 1 од оваа одлука е должен да го плати во рок од 7 дена пред склучување на Договорот за концесија.

6. Рокот за поднесување на Извештај/Елаборат за извршените детални геолошки истражувања на минералните суровини е 120 дена по истекот на концесијата.

7. Како почеток на концесијата ќе се смета денот на потпишување на Договорот за концесија.

8. Надзор над спроведување над концесијата ќе врши Министерството за економија.

9. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

10. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-6073/1
7 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

**3132.**

Врз основа на член 10 став 2 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/07, 88/08 и 52/09) Владата на Република Македонија на седницата одржана на 7.12.2009 година донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА - МЕРМЕР НА „ЕУРОИТАЛИА" СКОПЈЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „С. РАДОВО", ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

1. На "ЕУРОИТАЛИА" ДОО Скопје му се доделува концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини – мермер на локалитетот "с. Радово", општина Демир Хисар.

2. Површината на истражниот просторот на концесијата од точка 1 на оваа одлука изнесува Р =1,58 $km^2$ и е определен со координатни точки мегусебно поврзани со прави линии, како што е дадено во табелата, и тоа:

| Точка | Координата У | Координата Х |
|---|---|---|
| Т-1 | 7.513.000,00 | 4.576.100,00 |
| Т-2 | 7.514.440,00 | 4.576.100,00 |
| Т-3 | 7.514.440,00 | 4.575.000,00 |
| Т-4 | 7.513.000,00 | 4.575.000,00 |

3. Концесијата за детални геолошки истражувања од точка 1 на оваа одлука се доделува за период од 2 години, без можност за продолжување.

4. Целта на вршењето на деталните геолошки истражувања е откривање на нови наоѓалишта на минерални суровини и утврдување на рудните резерви на минералната суровина – мермер на локалитетот "с. Радово", општина Демир Хисар.

5. Надоместокот за доделената концесија за детални геолошки истражувања во износ од 700.000,00 денари субјектот од точка 1 од оваа одлука е должен да го плати во рок од 7 дена пред склучување на Договорот за концесија.

6. Рокот за поднесување на Извештај/Елаборат за извршените детални геолошки истражувања на минералните суровини е 120 дена по истекот на концесијата.

7. Како почеток на концесијата ќе се смета денот на потпишување на Договорот за концесија.

8. Надзор над спроведување над концесијата ќе врши Министерството за економија.

9. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

10. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-6131/1
7 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

**3133.**

Врз основа на член 10 став 2 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/07, 88/08 и 52/09) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ПЕСОК И ЧАКАЛ НА ДГПУТ „ИЗГРАДБА КОМЕРЦ" – ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ СКОПЈЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „С.ИДРИЗОВО", ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

1. На ДГПУТ "ИЗГРАДБА КОМЕРЦ„ – ДООЕЛ експорт – импорт Скопје му се доделува концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини – песок и чакал на локалитетот "с.Идризово", општина Петровец.

2. Површината на истражниот простор на концесијата од точка 1 на оваа одлука изнесува P = 0,31 $km^2$ и е определен со координатни точки мегусебно поврзани со прави линии, како што е дадено во табелата, и тоа:

| Точка | Координата X | Координата Y |
|---|---|---|
| Т-1 | 4.643.775,00 | 7.548.125,00 |
| Т-2 | 4.643.000,00 | 7.547.850,00 |
| Т-3 | 4.642.375,00 | 7.548.400,00 |
| Т-4 | 4.642.325,00 | 7.548.025,00 |
| Т-5 | 4.643.375,00 | 7.547.825,00 |
| Т-6 | 4.643.900,00 | 7.547.475,00 |

3. Концесијата за детални геолошки истражувања од точка 1 на оваа одлука се доделува за период од 2 години, без можност за продолжување.

4. Целта на вршењето на деталните геолошки истражувања е откривање на нови наоѓалишта на минерални суровини и утврдување на рудните резерви на минералната суровина – песок и чакал на локалитетот "с.Идризово", општина Петровец.

5. Надоместокот за доделената концесија за детални геолошки истражувања во износ од 3.100.000,00 денари субјектот од точка 1 од оваа одлука е должен да го плати во рок од 7 дена пред склучување на Договорот за концесија.

6. Рокот за поднесување на Извештај/Елаборат за извршените детални геолошки истражувања на минералните суровини е 120 дена по истекот на концесијата.

7. Како почеток на концесијата ќе се смета денот на потпишување на Договорот за концесија.

8. Надзор над спроведување над концесијата ќе врши Министерството за економија.

9. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

10. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-6052/1
7 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

**3134.**

Врз основа на член 10 став 2 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/07, 88/08 и 52/09) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2009 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – МЕРМЕР НА „ЕУРОИТАЛИА“ ДОО СКОПЈЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ДУФ“, ОПШТИНА МАВРОВО - РОСТУШЕ**

1. На "ЕУРОИТАЛИА" ДОО Скопје се доделува концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина – мермер на локалитетот "Дуф", општина Маврово-Ростуше.

2. Површината на истражниот простор на концесијата од точка 1 на оваа одлука изнесува P = 0,08 $km^2$ и е определен со координатни точки меѓусебно поврзани со прави линии, како што е дадено во табелата и тоа:

| Точка | Координата У | Координата Х |
|---|---|---|
| Т-1 | 7.483.650,00 | 4.623.314,00 |
| Т-2 | 7.483.650,00 | 4.623.515,00 |
| Т-3 | 7.484.050,00 | 4.623.515,00 |
| Т-4 | 7.484.050,00 | 4.623.314,00 |

3. Концесијата за детални геолошки истражувања од точка 1 на оваа одлука се доделува за период од 2 години, без можност за продолжување.

4. Целта на вршењето на деталните геолошки истражувања е откривање на нови наоѓалишта на минерални суровини и утврдување на рудните резерви на минералната суровина – мермер на локалитетот "Дуф", општина Маврово-Ростуше.

5. Надоместокот за доделената концесија за детални геолошки истражувања во износ од 700.000,00 денари субјектот од точка 1 од оваа одлука е должен да го плати во рок од 7 дена пред склучување на договорот за концесија.

6. Рокот за поднесување на Извештај/Елаборат за извршените детални геолошки истражувања на минералните суровини е 120 дена по истекот на концесијата.

7. Како почеток на концесијата ќе се смета денот на потпишување на Договорот за концесија.

8. Надзор над спроведување над концесијата ќе врши Министерството за економија.

9. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

10. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-6120/1
7 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

**3135.**

Врз основа на член 91 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), и член 31 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06 и 107/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИСЛАМСКА РЕПУБЛИКА ПАКИСТАН, СО СЕДИШТЕ ВО ИСЛАМАБАД**

1. Владата на Република Македонија за Почесен конзул на Република Македонија во Исламска Република Пакистан, со седиште во Исламабад го именува-Фејсал Куреши.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 148/1 Заменик на претседателот
7 декември 2009 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

---

**3136.**

Врз основа на член 91 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), и член 31 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06 и 107/08), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 7.12.2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО ШТУДГАРТ**

1. Владата на Република Македонија за Почесен конзул на Република Македонија во Сојузна Република Германија, со седиште во Штудгарт, го именува: Михаел Шмид.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 149/1 Заменик на претседателот
7 декември 2009 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

**3137.**

Врз основа на член 4 став 2 од Одлуката за формирање Комисија за гранични премини на Република Македонија со соседните држави („Службен весник на Република Македонија“ број 118/09), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И СЕКРЕТАР НА КОМИСИЈАТА ЗА ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА, РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА, РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА, РЕПУБЛИКА КОСОВО И РЕПУБЛИКА СРБИЈА**

1. За претседател на Комисијата за гранични премини на Република Македонија со Република Албанија, Република Бугарија, Република Грција, Република Косово и Република Србија се именува, г-дин Абдулкадар Мемеди, државен секретар во Министерството за надворешни работи.

- За заменик претседател на Комисијата за гранични премини на Република Македонија со Република Албанија, Република Бугарија, Република Грција, Република Косово и Република Србија се именува, г-дин Јованчо Аспровски, виш полициски советник во Секторот за гранични работи во Министерството за внатрешни работи.

2. За членови на Комисијата за гранични премини на Република Македонија со соседните држави се именуваат:

- Г-дин Авдиљ Реџепи, виш полициски советник во Секторот за гранични работи и миграции во Министерството за внатрешни работи;
- Г-дин Сејдали Салиу, државен советник во Министерството за надворешни работи;
- Г-дин Марин Деливанов, раководител на одделение во Министерството за транспорт и врски;
- Г-ѓа Ирена Василеска Шалевиќ, од Секторот за утврдување и наплата на даноци во Министерството за финансии;
- Г-ѓа Ана Каранфиловска Мазневска, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање;
- Г-дин Илија Јаноски, началник на одделение за меѓународна соработка од Царинската управа;
- Г-дин Дарко Буровски, помошник раководител на Сектор за геодетски работи од Агенцијата за катастар на недвижности;
- Г-дин Благоја Тевдовски, раководител на Сектор за одржување и заштита на патишта од Агенцијата за државни патишта.

3. За секретар на Комисијата за гранични премини на Република Македонија со соседните држави се именува г-дин Умит Касум, помлад соработник во одделението - визен центар при Министерството за надворешни работи.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.151/1
7 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

**3138.**

Врз основа на член 91 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), и член 31 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06 и 107/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2009 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА, СО СЕДИШТЕ ВО РИЕКА

1. Владата на Република Македонија за Почесен конзул на Република Македонија во Република Хрватска, со седиште во Риека, го именува:

- Горан Калоѓера.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 152/1
7 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

**3139.**

Врз основа на член 5 став 7 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” бр. 24/07, 88/08 и 52/09), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2009 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЕНЕРГЕТСКИ МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ ЗА 2009 ГОДИНА

I

Во Програмата за детални геолошки истражувања на енергетски минерални суровини за 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/09), во делот II став 1 износот „40.000.000,00“ се заменува со износот „47.835.179,00“.

Во табелата во позицијата со реден број 1, износот „22.000.000,00“ се заменува со износот „38.899.597,00“.

Во позицијата со реден број 2, износот „743.438,00“ се заменува со износот „540.000,00“.

Позициите со реден број 3, 4, 5 и 6 се бришат.

Во позицијата со реден број 7, износот „850.000,00“ се заменува со износот „395.300,00“.

Во позицијата со реден број 8, износот „150.000,00“ се заменува со износот „125.080,00“.

Позициите со реден број 9 и 10 се бришат.

Во позицијата со реден број 11, износот „850.000,00“ се заменува со износот „425.980,00“.

Во позицијата со реден број 12, износот „150.000,00“ се заменува со износот „125.080,00“.

Во позицијата со реден број 13, износот „850.000,00“ се заменува со износот „442.500,00“.

Во позицијата со реден број 14, износот „150.000,00“се заменува со износот „125.080,00“.

Во позицијата со реден број 15, износот „5.756.562,00“ се заменува со износот „6.756.562,00“.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.19-4861/1
7 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

**3140.**

Врз основа на член 36 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08,82/08, 88/08 и 115/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2009 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ГЕОЛОШКО ИНФОРМАТИВНИОТ СИСТЕМ – (GIS) ЗА 2009 ГОДИНА

I

Во Програмата за геолошко информативниот систем - (GIS) за 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/09) во делот II износот „10.000.000,00“ се заменува со износот „1.509.000,00“.

Во табелата во позицијата со реден број 10, износот „974.800,00“ се заменува со износот „1.509.000,00“.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4865/1
7 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

**3141.**

Врз основа на член 8 став 1 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/07, 88/08 и 52/09), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2009 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОСНОВНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА ЗА 2009 ГОДИНА

I

Во Програмата за основни геолошки истражувања за 2009 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/09), во делот II став 1 зборовите: „31.618.000,00 (триесет и еден милион шесто и осумнаесет илјади денари)" се заменуваат со зборовите „24.474.821,00 (дваесет и четири милиони четиристотини седумдесет и четири илјади осумсто дваесет и еден денар)".

Во точката 1, износот „6.000.000,00" се заменува со износот „5.000.000,00".

Во точката 2, износот „500.000,00" се заменува со износот „450.000,00".

Во точката 3, износот „7.000.000,00" се заменува со износот „4.235.741,00".

Во точката 4, износот „1.750.000,00" се заменува со износот „1.746.580,00".

Во точката 5, износот „1.750.000,00" се заменува со износот „1.253.500,00".

Во точката 6, износот „1.378.700,00" се заменува со износот „1.172.400,00".

Во точката 7, износот „1.000.000,00" се заменува со износот „650.000,00".

Во точката 8, износот „1.000.000,00" се заменува со износот „650.000,00".

Точката 9, се брише.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-6103/1 — 7 декември 2009 година — Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

---

**3142.**

По Извршеното срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 143/09), направена е техничка грешка, поради што се дава

## И С П Р А В К А
## НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Во насловот на Одлуката и во членот 1 наместо зборот „движни", треба да стои зборот „недвижни".

Бр. 19-5927/2 — 14 декември 2009 година — Скопје

Од Владата на Република Македонија

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**3143.**

Врз основа на член 9 од Законот за печатот на Република Македонија и печатите на државните органи во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.86/08), министерот за правда донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА, ГОЛЕМИНАТА И СОДРЖИНАТА НА ПЕЧАТИТЕ, НАЧИНОТ НА НИВНОТО ЧУВАЊЕ И УПОТРЕБА, КАКО И ЗА ШТЕМБИЛИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ

### I. Предмет на уредување

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, големината и содржината на печатите, начинот на нивното чување и употреба, како и за штембилите на државните органи.

### II. Печат на државните органи

Член 2

Печатот на државните органи има облик на круг, во средината е грбот на Република Македонија, а околу него во концентрични кругови е испишан називот и седиштето на државниот орган.

Големината на печатот на државните органи е со пречник од 32 мм.

Печатот на државните органи се изработува од гума, пластика, метал или од друг соодветен материјал.

### III. Печат со помал обем

Член 3

Државните органи можат да имаат и печат со помал обем (во натамошниот текст: мал печат).

Малиот печат има иста пишана содржина, како и печатот од член 2 став 1 од овој правилник, со тоа што називот на државниот орган може да биде испишан со скратен текст, од кој недвосмислено се гледа на кој државен орган припаѓа.

Големината на малиот печат на државните органи е со пречник од 20 мм.

### IV. Начин на чување и употреба на печатот

Член 4

Државните органи водат евиденција за печатите кои ги имаат.

Евиденцијата од став 1 на овој член, содржи: реден број; број и датум на одлуката со која е набавен печатот; отпечаток на печатот; почеток на употреба; потпис на задолженото лице за употреба на печатот; неговото ставање вон употреба; и забелешка.

Печатот се предава на задолженото лице за неговото користење и за тоа се составува посебен записник.

Записникот од став 3 на овој член, го потпишуваат лицето што го предава и лицето што го прима печатот.

Печатот се чува и се употребува во просториите на државниот орган.

По исклучок од став 5 на овој член, ако се презема службено дејствие надвор од службените простории печатот може да се употребува и надвор од седиштето на органот.

Печатот се става на актот од левата страна на потписот на овластеното лице за потпис.

### V. Штембил на државните органи

Член 5

Штембилот на државните органи (во натамошниот текст: штембилот), се употребува за евидентирање на акти и други писмена на органот.

Штембилот има форма на правоаголник со големина од 60 х 30 мм и се изработува од гума, пластика, метал или од друг соодветен материјал.

Штембилот содржи назив на државниот орган и неговото седиште, како и други податоци.

Називот и седиштето се испишуваат хоризонтално, а под него се остава празен простор за впишување на број на актот, на другите писмена и на датумот на неговото издавање.

Отпечаток на штембилот се става во заглавието на актот и на другите писмена, од неговата лева страна или може да биде отпечатен и во заглавието на актот или на другите писмена.

Државниот орган може по потреба да има повеќе штембили со иста содржина.

Штембилот се чува на ист начин, како што се чува и печатот на државниот орган.

### VI. Преодна и завршна одредба

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Упатството за големината и употребата на печатите и штембилите на државните органи („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија” бр. 25/64).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 11-5064/3
4 декември 2009 година
Скопје

Министер за правда,
**Михајло Маневски,с.р**

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**3144.**

Врз основа на член 57 став 1 алинеја 1 од Законот за научно - истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/08 и 103/08) министерот за образование и наука донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПКАТА И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И НАДЗОР НА ГОДИШНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ НА СУБЈЕКТИТЕ НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Правилникот за постапката и поблиските критериуми за финансирање и надзор на годишните програми за научно - истражувачката дејност на субјектите на научно - истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/09), во поднасловот II.1. „Годишни програми“ по зборот „програми“ се додаваат зборовите: "и проекти".

Член 2

Во членот 6 по ставот 1 се додаваат пет нови ставови 2, 3, 4, 5 и 6, кои гласат:

"Финансирањето на годишните програми се врши по пат на јавен конкурс.

Јавниот конкурс од ставот 1 на овој член може да се распише како конкурс за финансирање на годишна програма и како конкурс за финансирање на проекти.

Јавниот конкурс за наредната година се распишува најдоцна до крајот на месец септември во тековната календарска година.

Јавниот конкурс за финансирање на проекти се спроведува според одредбите на Правилникот за начинот и постапката за финансирање на научно-истражувачки проекти односно програми.

Државната високообразовна установа во нивните единици насочени кон наука (научни институти) и во единици насочени кон образование засновано на наука (факултети), или јавната научна установа која во тековната година учествува на конкурсот за финансирање на годишна програма преку која се финансираат и проекти, не може истовремено да учествува и на јавниот конкурс за финансирање на проекти."

Ставот 2 се брише.

Член 3

За финансирање на годишна програма за научно-истражувачка дејност на државните високообразовни установи и јавните научни установи во 2010 година министерството ќе распише посебен јавен конкурс во согласност со овој правилник, најдоцна до крајот на декември 2009 година.

Член 4

Јавните конкурси за финансирање на научно-истражувачките проекти кои се започнати пред влегувањето во сила на овој правилник ќе завршат согласно одредбите на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-10150/1
15 декември 2009 година
Скопје

Министер,
**Никола Тодоров,** с.р.

---

**3145.**

Врз основа на член 57 став 1 алинеја 2 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/08 и 103/08) министерот за образование и наука донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ ОДНОСНО ПРОГРАМИ**

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката за финансирање на научно - истражувачки проекти односно програми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/09), во членот 2 по зборовите: „се доделуваат на“ се додаваат зборовите: „државните универзитети во нивните единици насочени кон наука (научни институти и во единици насочени кон образование засновано на наука (факултети), јавните научни установи,“.

Член 2

Во член 4 во ставот 1 зборовите: „во првото тромесечие на“ се заменуваат со зборовите: „најдоцна до крајот на месец септември во тековната календарска година за“, а по зборовите: „за финансирање проекти на“ се додаваат зборовите: „државните универзитети во нивните единици насочени кон наука (научни институти и во единици насочени кон образование засновано на наука (факултети), јавните научни установи,““.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Државната високообразовна установа во нивните единици насочени кон наука и образование (институти и факултети) или јавната научна установа која во тековната година учествува на конкурсот за финансирање на годишна програма преку која се финансираат и проекти не може истовремено да учествува и на конкурсот за финансирање на проекти“.

Ставот 3 кој станува став 4 се менува и гласи:

„Конкурсите за билатерални меѓународни проекти ќе се објавуваат согласно потпишаните извршни програми за билатерална соработка.“

Член 3

Во член 8 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Главен истражувач не може да биде лице кое во претходен проект не ги исполнило законските услови во однос на проектите финансирани од Буџетот на Република Македонија, односно средства не се доделуваат за проект доколку главниот истражувач на проектот не доставил годишен или завршен извештај за претходниот проект или истиот бил негативно оценет.“

Член 4

По членот 10 се додава нов член 10-а, кој гласи:

„Член 10-а

Предлог-проектите ги разгледува Советот за научно-истражувачка дејност, ги класифицира според научни подрачја и ја составува листата на независни рецензенти.

Ако член на Советот за научно-истражувачка дејност е раководител, учесник или на било кој начин учествува со одреден проект поднесен за финансирање во рамките на конкурсот за финансирање на научноистражувачки проекти, се иззема од процесот на евалуација и одлучување за тој проект.“

Член 5

Во членот 13 во ставот 1 по зборовите: „проекти“ се додаваат зборовите: "и изготвува предлог-одлука за нивно финансирање".

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Одлуката за финансирање која се донесува од страна на министерот е врз основа на предлог-одлуката од Советот за научно-истражувачка дејност и расположливите средства од Буџетот на Република Македонија“.

Член 6

Јавните конкурси за финансирање на научно-истражувачките проекти кои се започнати пред влегувањето во сила на овој правилник ќе завршат согласно одредбите на овој правилник.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-10151/1
15 декември 2009 година
Скопје

Министер,
**Никола Тодоров,** с.р.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

**3146.**

Врз основа на член 8а став 10 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија” бр.68/04, 127/06 и 114/09), министерот за транспорт и врски, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА КОМПЕТЕНТНОСТ НА УПРАВИТЕЛОТ ИЛИ ОД НЕГО ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ОДГОВОРНО ЗА ПРЕВОЗ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ И НА СЕРТИФИКАТОТ ПРОФЕСИОНАЛНА КОМПЕТЕНТНОСТ**

Член 1

Во Правилникот за начинот, постапката и програмата за полагање на испитот за добивање на сертификат за професионална компетентност на управителот или од него овластено лице одговорно за превоз, формата и содржината на уверението за положен испит и на сертификатот професионална компетентност („Службен весник на Република Македонија” бр.39/07, 4/08 и 20/09), во член 4 ставот 2 зборовите: „најдоцна еден месец пред одржувањето на испитот” се бришат.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-14917
14 декември 2009 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески,** с.р.

---

**3147.**

Врз основа на член 8б став 10 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија” бр.68/04, 127/06 и 114/09), министерот за транспорт и врски, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТ ЗА УЧЕСТВО НА ВОЗАЧИТЕ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ПАТЕН СООБРАЌАЈ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ И НА СЕРТИФИКАТОТ**

Член 1

Во Правилникот за начинот, постапката и програмата за полагање на испитот за добивање на сертификат за учество на возачите во меѓународниот патен сообраќај, формата и содржината на уверението за положен испит и на сертификатот („Службен весник на Република Македонија” бр.39/07, 4/08 и 20/09), во член 4 ставот 2 зборовите: „најдоцна еден месец пред одржувањето на испитите” се бришат.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-14917
14 декември 2009 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески,** с.р.

---

**ОДБОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА „МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ ЈАСМИН“**

**3148.**

Врз основа на членовите 1, 2, 7, 12, 16, 17 и 18 од Законот за државните награди (“Службен весник на Република Македонија” број 52/2006 и 54/2007), Одборот за доделување на државната награда “Мито Хаџи Василев Јасмин”, на седницата одржана на 24 ноември 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА „МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ ЈАСМИН“ ВО 2009 ГОДИНА ЗА ОСОБЕНО ЗНАЧАЈНИ ОСТВАРУВАЊА ОД ИНТЕРЕС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОБЛАСТА НА ПУБЛИЦИСТИКАТА И НОВИНАРСТВОТО**

I. За остварување во областа на публицистиката, државната награда се доделува на:

- Махи Несими, публицист.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07-5250/2
15 декември 2009 година
Скопје

Претседател
на Одборот за доделување
на државната награда
„Мито Хаџи Василев Јасмин“
**Борис Поп Ѓорчев,** с.р.

---

**ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ**

**3149.**

Врз основа на член 19, став 2, точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09) и член 21, став 2, алинеја 10 од Статутот на ЈП Службен весник на РМ, Управниот одбор на ЈП Службен весник на РМ, на седницата одржана на 4.11.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНАТА НА ГОДИШНАТА ПРЕТПЛАТА НА СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ЗА 2010 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Македонија“ за 2010 година.

Член 2

Цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Македонија“ за 2010 година за домашни правни и физички лица се утврдува на 9.200,00 денари, со можност за плаќање на рати.

Член 3

Цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Македонија“ за 2010 година за правни и физички лица со седиште или живеалиште во странство се утврдува на 295,00 EUR.

Член 4

Претплатниците од член 2 на оваа одлука, кои ќе изразат желба во текот на 2010 година да го зголемат, односно намалат бројот на службеното гласило „Службен весник на Република Македонија“ или да се претплатат во текот на 2010 година за пократок период од 12 месеци, цената се утврдува во износ од 920,00 денари на месечно ниво.

Член 5

Во цената утврдена од член 2, 3 и 4 од оваа одлука е пресметан и данокот на додадена вредност.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Македонија, со примена од 01.01.2010 година.

Бр. 07-6132/1 Управен одбор
4 ноември 2009 година Претседател,
Скопје **Борис Јосифовски,** с.р.

---

**3150.**

Врз основа на член 19, став 2, точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09) и член 21, став 2, алинеја 10 од Статутот на ЈП Службен весник на Република Македонија, Управниот одбор на ЈП Службен весник на РМ, на седницата одржана на 4.11.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНАТА НА ГОДИШНАТА ПРЕТПЛАТА НА РЕГИСТАРОТ НА ПРОПИСИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува цената на годишната претплата за Регистарот на прописи на Република Македонија за 2010 година, во издание на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Македонија“ ц.о. Скопје.

Член 2

Цената на годишната претплата на Регистарот на прописи на Република Македонија за 2010 година за домашни правни и физички лица се утврдува на 3.700,00 денари, со можност за плаќање на рати.

Член 3

Цената на годишната претплата на Регистарот на прописи на Република Македонија за 2010 година за правни и физички лица со седиште или живеалиште во странство се утврдува на 90,00 EUR.

Член 4

Во цената утврдена од член 2 и 3 од оваа одлука е пресметан и данокот на додадена вредност.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Македонија, со примена од 01.01.2010 година.

Бр. 07-6133/1 Управен одбор
4 ноември 2009 година Претседател,
Скопје **Борис Јосифовски,** с.р.

---

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**3151.**

## И С П Р А В К А

Во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 147 од 11 декември 2009 година на страна 91 е направена техничка грешка наместо: **„АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ“**, треба да стои: **„АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ“.**

**ВО ИЗДАНИЕ НА ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ**
**ИЗЛЕЗЕ ОД ПЕЧАТ ИЗДАНИЕТО**




**500,00**

**НОВО!**

**м-р Митко Јованов**

**МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО ПОЛИТИКАТА НА ГЕРМАНИЈА НА БАЛКАНОТ**
**(1919 - 1933)**

*Погледите на Германија за македонското прашање и изгледите за негово решавање како најголем проблем на Балканот во дваесеттите години од XX век*

**П О Р А Ч К А  БР. 149**

Со ова неотповикливо го порачувам изданието Македонското прашање во политиката на Германија на Балканот (1919-1933) во ____________ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди“ бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-551-24-01.

Порачател: ________________________________________ Место: ________________________
ул. ______________________________ бр. ____________, тел./факс ______________________

Потпис на порачателот

Во __________, ________2009 година. (М.П.) ______________________

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2009 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2009149